ФЕСТИВАЛ „ОХРИДСКО ЛЕТО" — ОХРИД
УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА „СКОПЈЕ" — СКОПЈЕ
ДОМ НА КУЛТУРАТА
„ГРИГОР ПРЛИЧЕВ" — ОХРИД



# ПРВИТЕ ПОВОЕНИ ГОДИНИ ВО МАКЕДОНСКОТО ЛИКОВНО ТВОРЕШТВО

ОХРИД, ЈУЛИ 1985

Во првите повоени години, предводници во ликовното творештво во Мкаедонија беа уметници што се формираа меѓу двете светски војни. Некои од нив веќе имаа одредена физиономија и нивното творештво беше познато и надвор од средината во која живееја. Оваа генеразија, творечки ангажирана во слободната татковина, се посвети и на ликовната педагогија, образувајќи ги новите ликовни творци.

Тие беа организирани во тукушто формираното Друштво на ликовните уметници на Македонија (1944), а во Средното художествено училиште (1945) ја отпочнаа својата педагошка дејност. Својот творечки елан и интузијазам, главно го насочуваа во ликовно бележење на разурнатата земја од војната и првите чекори од изградба на новото социјалистичко општество. Во творбите од овој период беа присутни и темите од НОБ и Револуцијата.

Разновидноста на ликовното творештво, секоја година беше на показ пред јавноста низ колективните изложби, како есенски-годишни, а подоцна и пролетни изложби на членовите и гостите на Друштвото на ликовните уметници на Македонија.

Со основањето на Уметничката галерија во Скопје (1949) ликовниот живот доби нови импулси, а ликовното творештво постојана експанзија. Во тоа време се создаваа и првите општествени колекции од современото ликовно творештво, во кои се согледуваше индивидуалниот и колективниот растеж. Оваа творечка нагорнина во ликовната уметност на Македонија добива и општојугословенско признание за време одржувањето на Неделата на националната култура во јули 1950 година во Охрид, кога беше приредена и изложбата на ликовните уметници на Македонија. Рецензирајќи ја изложбата, Вилим Свечњак пишува:

„Репрезентативната изложба на ликовните уметници на Македонија ни покажа со својата подбрана и одлична збирка, дела на народни зрели и афирмирани уметници со високо рамниште на современа ликовна уметност на Македонија и прекрасни перспективи за нејзиниот понатамошен развиток". Ова укажување на Свечњак се остваруваше постепено, за што сведочи развновидниот и богат ликовен, творечки и изложбен живот, што се одвива сè до денес во нашата Република.

Организаторот на изложбава го користи богатиот извор на колекцијата на творби што ги има Уметничката галерија во Скопје од овој прв повоен период, со цел да даде увид за почетните години на ликовното творештво и на ликовните творци во Македонија (1944—1954), отворајќи можност и простор во наредните години на „Охридско лето" да се презентира творештвото на генерациите што доаѓале и ја збогатувале ризницата на современото македонско ликовно творештво, што придонесувале за вклучување во општите текови на современото ликовно творештво на Југославија и надвор од нејзините граници.

Жарко Този

КАТАЛОГ

Љубомир БЕЛОГАСКИ

(Делчево 1912)

Завршил Уметничко Училиште на Наставничкиот и Академскиот оддел во Белград 1937.

1. НА ОДМОР (Крагуевац), 1945
   акварел на хартија, 34 x 27
2. СТАРО НАГОРИЧАНИ, 1951
   акварел на хартија, 43 x 64

Здравко БЛАЖИЌ

(Стари Бечеј 1917 — Белград 1979)

Студирал на Академијата за ликовни уметности во Праг.

3. СТАРО ПРИСТАНИШТЕ — ОХРИД, 1946
   масло врз картно, 35 x 40
4. ПЕЈЗАЖ, 1953
   масло врз платно, 48 x 58

Томо ВЛАДИМИРСКИ

(Скопје 1904—1971)

Завршил Академски курс на Уметничкото училиште во Белград 1935.

5 СТАРО И НОВО СКОПЈЕ, 1949
   масло врз платно, 62 x 49

Катја ЕФТИМОВА

(Пазарчик — НР Бугарија 1910)

Завршила Художествена академија во Софија 1932.

6. ПОРТРЕТ НА ДЕВОЈЧЕ, 1947
   масло врз картон, 57 x 48
7. ТЕТОВО, 1950
   масло врз шпер плоча, 54 x 75

Вангел КОЦОМАН

(Струга 1905)

Завршил Академски курс на Уметничкото училиште во Белград 1930.

8. ПРИСТАНИШТЕТО ВО ОХРИД, 1945
   масло врз платно, 75 x 100
   сопственост на авторот
9. АВТОПОРТРЕТ, 1948
   масло врз платно, 42,5 x 33,5

Борко ЛАЗЕСКИ

(Прилеп 1917)

Завршил Академија за ликовни уметности.

10. ПЕЈЗАЖ ОД ПАРИЗ, 1947
    темпера, 27 x 16,5

Лазар ЛИЧЕНОСКИ

(Галичник 1901 — Скопје 1964)

Завршил Академски курс на Уметничкото училиште во Белград 1927.

11. ДОЛАП, 1937
масло врз платно, 160 x 113,5
12. РИБА, 1959
масло врз платно, 48 x 98

Никола МАРТИНОСКИ

(Крушево 1903 — Скопје 1973)

Завршил Академија за ликовни уметности во Букурешт 1927.

13. АВТОПОРТРЕТ, 1950
масло врз платно, 44,5 x 55
14. ПРИЕМЕН ДЕН, 1954
масло врз платно, 93 x 127,5

Димитар ПАНДИЛОВ АВРАМОВСКИ

(с. Тресонче 1898 — Скопје 1963)

Завршил Академија за ликовни уметности во Софија 1924.

15. ОХРИД, 1950
масло врз платно, 64,5 x 53,5
16. СОБИРАЊЕ НА СНОПОВИ, 1952
масло врз платно, 55,5 x 65

Василие ПОПОВИЌ ЦИЦО

(Скадар 1914 — Скопје 1962)

Завршил уметничко училиште во Белград 1938.

17. МОТИВ ОД ОХРИД,
сепија на хартија, 36,5 x 24,5
18. ДРВОТО КРАЈ МАНАСАИРОТ СВ. НАУМ — ОХРИД, 1946
туш на хартија, 43 x 32

Димче ПРОТУЃЕР

(Охрид 1920)

Завршил Уметничка академија во Софија.

19. ЦРН ДРИМ, 1949
масло врз картон, 27 x 37
20. ПЕЈЗАЖ, 1951
масло врз картон, 28 x 42

Димо ТОДОРОВСКИ

(Солун 1910 — Скопје 1983)

Завршил Академски курс, отсек скулптура на Уметничкото училиште во Белград 1935.

21. БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ, 1945
бронза, 41 x 28 x 17
22. ГЛАВА НА ПАЛАМАРЕВИЌ, 1950
бронза, 34 x 20 x 21








За организаторот: Боро Митриќески ● Концепција, избор на делата, каталог и поставка Жарко Този
Печати: Графичко-издавачки завод „Гоце Делчев" — Скопје ● Тираж: 300 примероци.